# ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Нашата мисија е да создадеме поволни услови за ефективна и одржлива конкуренција на пазарот на електронските комуникации за да им служи на интересите на корисниците, стопанството и индустријата за комуникации, преку ефективна, транспарентна, соодветна и проактивна примена на регулаторните алатки.

Агенцијата за електронски комуникации претставува општествена одговорна организација која се стреми кон намалување на опасностите и штетностите на работните места, постојана грижа за здравјето и безбедноста на вработените како и постојано унапредување преку имплементиран систем за менаџмент со здравје и безбедност при работа согласно барањата на стандардот **ISO 45001:2018**.

**Агенцијата за електронски комуникации,** во остварување на својата мисија е насочена кон спроведување и почитување на следниве принципи:

- ✓ **Исполнување на барањата** на системот за менаџмент со здравје и безбедност при работа согласно барањата на стандардот **ISO 45001:2018**;
- ✓ **Воспоставување, следење и преиспитување** на политиката, целите и програмите за здравје и безбедност при работа;
- ✓ **Исполнување и надминување** на барањата и очекувањата на вработените и заинтересираните страни;
- ✓ **Почитување на важечките законски прописи од областа на здравје и безбедност при работа;**
- ✓ **Континуирана едукација на персоналот од областа на здравје и безбедност при работа;**
- ✓ Воспоставување на **ефикасна комуникација со сите вработените и заинтересираните страни** со цел размена на информации поврзани со здравјето и безбедноста при работа;
- ✓ **Идентификување, управување и контролирање на значајните ризици, опасности и штетности** кои имаат влијание врз здравјето и безбедноста на вработените на АЕК**;**
- ✓ **Елиминирање** и **отстранување** на опасностите со цел намалување на ризиците кои имаат влијание врз безбедноста и здравјето на вработените**;**
- ✓ Спречување на повреди при работа создавајќи **безбедна работна средина, безбедни работни места и безбедна опрема за сите вработени**;
- ✓ **Постојано подобрување** на системот за менаџмент со здравје и безбедност при работа согласно барањата на ISO 45001:2018;

**Политиката за здравје и безбедност при работа е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.**

Наш број 0201-46/12
Скопје 27-07-2026

Директор
Nusret HALITI

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ